# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Четвртото продолжение на Четириесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21 јуни 2007 година

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 12,45 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Бесим Догани, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Бесим Догани:** Продолжуваме со работа по Четириесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Благородна Дулиќ, Љубчо Георгиевски, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Даут Реџепи, Елмазе Селмани, Јован Манасијевски, Блерим Беџети, Али Ахмети, Фазли Велиу, Абдулади Вејсели, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Илинка Митрева, Владо Бучковски, Хади Незири, Теута Арифи и Тито Петковски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутни пратеници во салата.

Бидејќи во салата нема доволен број на пратеници, би ги повикал сите пратеници кои се надвор од салата да влезат во салата.

(Присутните пратеници чекаат да се создаде кворум во салата)

Молам службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Присутните пратеници чекаат да се создаде кворум во салата)

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите уште еднаш да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Во салата нема кворум)

Почитувани дами и господа пратеници, поради отсуство на голем број на пратеници кои во моментот се во други вонпарламентарни активности, објавувам пауза до 15,00 часот.

Продолжуваме со работа во 15,00 часот.

(Паузата започна во 13,07 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,10 часот)

(Со седницата продолжи да претседава господинот Иван Анастасовски потпретседател на Собранието)

**Иван Анастасовски:** Ги молам колегите пратеници да влезат во салата ќе пристапиме кон гласање.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата, продолжуваме со работа.

Бидејќи во претпладневната сесија е отворена оваа седница, **минуваме на точката 12 - Предлог за донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за даноците на имот, со Предлог на закон.**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Бидејќи претресот по првиот амандман е затворен, треба да преминеме на гласање. А за да преминеме на гласање треба да има пратеници. Во тој случај повторно по 4 пат ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат, бидејќи треба да пристапиме кон гласање.

Ги молам службите да го утврдиме точниот број на присутни пратеници во салата.

Ги молам колегите пратеници кои се надвор од салата да влезат.

Ги молам колегите пратеници да седнат на своите места.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 61 пратеник во салата, гласале 55, 11 гласале за 1 воздржан, 43 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отварам претрес по амандманот на член 1 став 1, поднесен од пратеникот Никола Ќуркчиев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик Министерот за финансии.

**Предраг Трпески:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Има збор пратеник господин Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер, иако помина подолго време од последната расправа околу овој Предлог закон, односно околу амандманите за данок на имот, еве јас овој амандман кој е поднесен од колегата Никола Ќуркчиев, би сакал да го образложам овој амандман, колегите од парламентарното мнозинство да го прифатат, односно да го гласаат, од причини што овој амандман е сличен со претходниот амандман, кој што пред малку го изгласавме, односно не го изгласавме, а кој се однесуваше за данокот од имот, односно за оданочување на деловни згради и објекти во општините, односно во Република Македонија.

Претходниот амандман беше целосно укинување на давачките што се налагаат со новиот Предлог-закон и не беше прифатен, иако доста зборувавме по Предлогот на текстот на овој закон, дека оданочувањето на деловните згради и простории, на станбените згради, на куќите во ридско-планинските подрачја негативно, односно дестимулативно ќе делуваат како кај граѓаните, така и кај бизнисмените. Односно, нашето кажување беше дека со оданочувањето ќе ги дестимулираме бизнисмените односно луѓето кои сакааат да полагаат и го развиваат бизнисот во

своите места, односно во општините каде се наоѓаат.

Тоа го напомнав и во мојата претходна дискусија, пред 10-12 дена кога дискутиравме по овие амандмани во однос на Предлогот на закон, кажав дека оние кои веќе имаат објекти, немаат каде да одат и нема што да прават, едноставно мора со изгласувањто, односно со донесувањето на овој Предлог-закон ќе бидат принудени да ги плаќаат давачките што досега ги немаа. А, да не зборувам за оданочувањето на објектите и куќите во ридско-планинските, односно во неразвиените општини или населени места.

Нашето целосно залагање беше да не се оптоваруваат како граѓаните, така и оние кои инвестираат во општините. До сега зборував и оние кои имаат заборавено, бидејќи помина подолг период од дискусијата околу Предлогот на законот и амандманите, потсетувам на тоа што било, односно кој амандман беше тоа. Тоа беше амандман поднесен од Никола Поповски, Верица Филипова и јас, кои бевме подносители на овој амандман.

Сега, амандманот поднесен од колегата Никола Ќуркчиев се однесува за ист член, односно тоа е нешто во поблага форма. Амандманот гласи:

“Во член 1, став 1 по зборовите “точка 5” и зборовите “точка 8” се бришат.

Се заменуваат со зборовите “во точка 8, по зборот подрачја се додаваа зборовите за нови стопански објекти за првите 3 години од вршење на дејноста”.

Овој амандман е поднесен со цел оние кои имаат намера да вложуваат, финансираат, инвестираат во одредени општини, за одредени објекти, деловни простории итн, според амандманот што е даден, барем во првите три години да бидат ослободени од оданочувањето. Затоа реков дека тоа е нешто во поблага форма отколку претходниот амандман кој бараше целосно укинување, што за мене е поприфатливо укинувањето да беше целосно на овие давачки. Но, сепак и овој амандман, почитуваниот заменик министер кажа дека не се прифаќа. Иако мислевме, барем не е ништо страшно, бидејќи три години ќе биде одложено ова оданочување на новите стопански објекти, на новите деловни објекти и на зградите во одредени подрачја, како што реков на почетокот, ридско-планинските или поретко населените места.

Но, тоа е став на Владата, тоа е став на Министерството и еве јас, бидејќи заменик министерот не го прифати амандманот би апелирал до парламентарното мнозинство да го продолжат овој амандман, бидејќи ништо суштински не се менува од она што фактички го сака Владата. Односно, оној го има поднесено законот, три години можеби се многу, но мислам дека не се многу за после три години да почне да профункционира овој Предлог-закон што е даден и да им дадеме шанса барем оние кои сакаат да инвестираат, една помала пречка во своите намери што сакаат да ги остварат, односно што сакаат да инвестираат.

Амандманот суштински не менува ништо, само временски се добива период од три години. За мене, а мислам и за сите пратеници, кои треба да го изгласаме овој амандман не е ништо страшно. затоа, се надевам дека и парламетарното мнозинство, а секако и СДС не се сомневам ни најмалку, дека амандманот ќе биде поддржан. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам колега.

Има збор пратеник господин Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам потпретседателе.

Со овој амандман се предлага оние ослободувања што важеа во делот на данокот на имот да продолжат и понатаму да важат, затоа што новите стопански субјекти кои ќе бидат изградени во селските населби, во ридско-планинските подрачја да бидат ослободени во наредните три години од почетокот на вршење на нивната дејност.

Значи, ако колегите пратеници се сеќаваат, во овој Парламент дебатиравме многу долго околу Законот за рамномерен регионален развој. Тогашниот министер не уверуваше дека посебно внимание ќе се посвети на подрачјата со специфични развојни потреби, посебно на овие кои се рурални или ридско-планински, се со цел да се овозможи нивен побрз развој и да се направи процес или обид да почне населението да се враќа во овие краишта и да може да остварува егзистенција во нив.

Со тој закон, иако министерот тогаш не убедуваше едно, направи друго, им ги укина пензиските ослободувања или плаќањата што се вршеа во нивна сметка, сега, со овој закон, повторно предлагаме едно ослободување за овие ридско-планински подрачја, за сите оние кои сакаат да изградат стопански објекти и да вршат дејност во нив, во наредните три години да бидат ослободени од плаќање на данокот на имот.

Не се работи за голема сума на пари. Се работи за една стимулација со што ќе се овозможи на општините што сакаат да привлечат инвестиции, да им понудат уште една поволност на оние кои ќе сакаат да отворат стопански објекти во овие подрачја.

Ако Владата, тука слушаме на големо од телевизии, од настапи, од говорницive дека посебно внимание или посебна стратегија има во однос на овие подрачја, со овој амандман треба јавно да го покаже со тоа што ќе го прифати амандманот. Вака испаѓа дека едно се зборува, а друго се прави и постојано се наметнуваат други давачки за сите стопански субјекти, па сега и за оние што ќе се решат да отворат стопански објект во помалку развиените подрачја во Република Македонија.

Треба сериозно да размислиме при гласањето на овој амандман, ако знаеме дека во Република

Македонија постојат многу вакви подрачја. Во тие подрачја постојат големи потенцијали. Но, не постојат можности таму да се обезбедат услови за отпочнување на дејност. Треба да се дадат многу стимулации на оние кои ќе сакаат да отворат таму свои капацитети за да можат да се решат да инвестираат.

Со ова решение правиме обратен процес. Им воведуваме нови давачки и ако некој сака да инвестира, сигурно дека без овие поволности ќе се реши инвестицијата да ја направи, кога веќе мора и таму да плаќа данок, на некое друго подрачје каде што, можеби, ќе има подобри инфраструктурни услови, подобри административни услуги итн. Затоа не е добро со вакви политики Владата да ги замајува граѓаните дека има сериозна стратегија како да ги развие недоволно развиените подрачја во Република Македонија, а од друга страна да наметнува давачки на оние кои сакаат да прават бизнис во тие подрачја.

Затоа, колеги пратеници, мислам дека сериозно треба да размислите околу овој амандман. Ако сме сите искрени во своите кажувања и настапи, истиот да го прифатиме. Не губи нешто многу ниту општината, ниту државата ако се отвори еден стопански субјект. Да, парите што би ги зела од данок на имот, сигурно ќе ги врати преку персоналниот данок од доход, новите вработувања што ќе се извршат таму и сите други погодности што ги носи отворањето на некој капацитет во тоа подрачје.

Апелирам до колегите да гласаат за овој амандман, бидејќи мислам дека е во функција на побрз развој на недоволно развиените подрачја во Република Македонија. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Ако е кажано се, господине потпретседателе, јас ќе се обидам уште еднаш со моите аргументи да ги убедам моите колеги пратеници да го прифатат овој амандман на колегата Ќуркчиев, затоа што навистина, со овој амандман ќе си остварите една од вашите предизборни заложби. Не само во делот на економијата, туку во делот на популационата и демографската политика, имате зацртано населување на рурални предели во Македонија, нивно стопанско интегрирање и рамномерен распоред на населението во сите делови од земјата.

Зошто и вие, а секако и ние во нашата предизборна програма имаме вакво ветување пред нашите граѓани. Затоа што сме го фокусирале проблемот во Република Македонија, дека во Република Македонија имаме страшни миграциони движења, дека во Република Македонија не сопира миграцијата село-град и дека одделни делови, територии на Република Македонија, како што е Мариовскиот предел може да се каже се дури и ненаселени. Го кажувам Мариово како пример, но има и голем број други вакви територии.

Затоа оваа наша заложба, во нашата предизборна програма, а сега уште пообврзувачка во вашата предизборна програма, затоа што вие ја добивте довербата на граѓаните, треба овој амандман да го прифатите. Не може постојано да кажуваме дека ни е подобар и полесен животот ако со секој нов закон воведуваме скриено, на мала врата уште една и уште една и уште една нова давачка. Особено давачка што ги тангира најранливите категории.

Оваа давачка е насочена кон луѓето кои живеат во ридско-планинските подрачја. Сега, овие луѓе, овие граѓани на Република Македонија од ридско-планинските подрачја, до сега никогаш не плаќале данок на имот на своите станбени згради. Од денот на влегувањето во сила на овој закон, доколу не го прифатите овој амандман, ќе почнат да плаќаат давачки сите овие граѓани.

(Џагор во салата)

Очигледно е дека на опозицијата ама баш не и е гајле што јас зборувам. Но, гајле им е на граѓаните од сите наши населени места. Јас само ќе ги спомнам од мојата општина: Костурино, Роч, Белотино, Попчево, Орланли, Дарламбос, Мемешли, Нова Маала, Висока Маала, Доброшинци, Гичерлија, Чанаклија и ред други до денеска не плаќале данок на имот на сопствените станбени објекти. Од денеска, иако можеби овие населени места не се ни опфатени со урбанистички дел, со урбанистички план и секако не се, затоа што ...

(Дофрлање од место)

Да, Заев ќе им обезбеди услови, но за жал оваа обврска не може да им ја тргне од грбот, затоа што не е во негова надлежност. Оваа обврска ќе им ја ставите вие колега, затоа што вие сте мнозинство. Еве, ние бараме.

Целта на моето денешно јавување е да ве убедам дека навистина не треба на оваа категорија луѓе да им се воведува нова давачка. Ова ќе го поттикне уште поголемото осиромашување на овие луѓе, што е најжалосно и најстрашно ова ќе поттикне уште повеќе миграција село - град и, наместо заложбата за која што се залагавме да ги враќаме луѓето во руралните подрачја, таму државата да создава со законот што сега по општини го промовирате, законот за рамномерен регионален развој, повторно од една страна ќе донесуваме закони со што ќе ветуваме дека рамномерно ќе развиваме, а од друга страна одново и одново ќе воведуваме нови давачки на овие граѓани.

Јас, како пратеник од Изборна единица 4, како пратеник од општина Струмица, уште еднаш ги замолувам сите оние пратеници кои доаѓаат од општините каде има ридско - планински подрачја, населени места да гласаат за овој амандман, затоа што поинаку не знам како ќе образложуваат на граѓаните кога ќе одат во нивните населени место, зошто било потребно на државата да воведе уште една давачка. А, секоја вечер ги

убедуваме луѓето дека многу подобро живееле од вчера или од претходната година.

Можеби ќе кажете или можеби заменикот министер ќе каже дека не е мал данокот. Е 2000, е 200, не знам колку денари, но ако е мал, тогаш што ќе затвори, која финансиска дупка ќе затвори државата?

Затоа, немојте да воведувате нови давачки. Дајте, поддржете го овој амандман за да можеме да им излеземе на луѓето пред очи, особено вие кои секојдневно тврдите дека се намалуваат даноците, се намалуваат давачките према државата, а се подобрува животот на граѓаните на Република Македонија.

(Со седницата продолжи да раководи господин Бесим Догани, потпретседател на Собранието)

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Иванова.

Димовски Илија има реплика од три минути, повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам потпретседателе.

Со внимание ја следам расправата по овој закон и во претходниот дел, пред неколку дена се обидував да ја следам и сега, иако сметам дека квалитетот на расправата во денешниот ден го изгуби своето ниво, поради тоа што колегите пратеници од СДС почнаа со популистички конструкции да се обидуваат да ја изместат дебатата.

Прво, амандманот не се однесува на руралните области. Амандманот се однесува на оданочувањето, по основ на данок од имот на стопанските субјекти, што е сосема различно.

Јас би кажал дека поентата на донесувањето на овој закон, претставува даночна еднаквост. Еден пример на колегата Ќуркчиев пред неколку дена му кажував, сега ќе го повторам пред колешката Цветанка Иванова.

До сега, за стан од 30 квадрати во населба Лисиче се плаќаше поголем данок на имот отколку за 10 илјади квадрати хотелски простор во центарот на Скопје. Тука е социјалната нееднаквост, тука е даночната нееднаквост. Тоа треба како прво да се има во предвид.

Второ, треба да се има во предвид дека данокот на имот претставува симболична давачка од 0,нешто1 до 0,нешто2. Колешката Иванова тоа прецизно го знае и знае која е фактичката сума на вредноста што ќе се плаќа. Така што, апсолутно не држи делот на дискусијата на колешката Иванова поради тоа што воведувањето на даночна еднаквост, сметам дека пред се треба на Социјалдемократите и на левицата како опција да им биде предност, а не слабост.

Во вториот дел на нејзиниот говор во врска со руралните области треба да бидеме прецизни и треба да бидеме фер пред граѓаните, да ги кажеме сите околности поврзани со оваа проблематика, а тоа значи дека данокот на имот кој и онака претставува симболичка давачка за сите граѓани на Република Македонија, знаат бидејки си го плаќаат данокот, не се обидувајте да ги излажете за нешто што самите го знаат.

Во руруалните области ќе биде неколкукратно намалено по 50%. За просечна куќа во рурални области нема да се плаќа поголема сума од 50 до 100 денари на годишно ниво.

Прво, општините бараат финансиска самостојност и зголемвуање на своите приходи. Наместо да ги врзуваме со централниот буџет и да ги правиме зависни од централниот буџет и од централната власт ние се одлучуваме да ги зголемиме нивните природни изворни приходи за да би биле повеќе самостојни. Тоа е поентата на вторито дел од промената на законот.

Значи, апсолутно се изместуваат тезите на денешната седница. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Димовски.

Контра реплика од една минута има госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Многу е тешко да се брани нешто штоне може да се брани и затоа подобор е да се одмолчи барем, за да не му се дава можност на противникот уште еднаш да ја потврди тезата што ја застапува.

Значи, факт е дека со овој данок, со член 8 став 1 точки 5 и 8 се воведуваат две нови давачки.

Една на деловни згради и деловни простории кои служат за вршење на дејност наобврзнико ти административни згради и простории, што до сега не била и

друга на станбени згради во селски населби и ритско-планински подрачја.

Значи, ако е ова симболичен данок, за што и е на државата, дајте да не го товариме на граѓаните, а за социјал демократијата ни да, ние сме за еднаквост, но и за еднакви можности и услови и за солидарност. Сега за сега сеуште немаме еднакви можности во ритско-планинските подрачја како што имаме во градовите. Затоа не треба да браните нешто штоне може да се брани.

**Бесим Догани:** Има збор госпоѓа Лилјана Поповска, повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам господине потпретседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници,

Јас го пдоржувам амандманот на колегите од опозицијата. Јас не знам зошто не се прифаќа од страна на претставникот на Владата. Мислам дека е логичен амандманот и мислам дека сериозно ќе го подобри текстот на законот.

Мислам дека е многу логично да се помогне со одредени стимулации или со одредени ситни бенифиции за граѓаните во ридско-планинските или руралните области. Впрочем јас не би се согласила со мојот почитуван колега Илија Димов дека еднаквоста во даноците, дека треба да се инсистира на еднаквост на даноци. Тоа не треба да значи урамноловка на даноци. Се надевам дека не можеби сосема прецизно се разбравме, значи различен приод има за различни категории, зависно од тоа која е стратегијата на државата, стратегијата за развој на државата.

Ние донесовме Закон за регионален развој и во тие рамки е предвидена можност за стимулација од страна на државата за одредениобласти на економското живеење, така што мислам дека овој амандман на колешката Иванова и на другите е сосема логичен и јас лично би го прифатила. Благодрам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Поповска.

Реплика има заменик министерот за финансии, повелете.

**Предраг Трпески:** Благодарам.

До колку се прифати предложениот амандман деловните субјекти ќе бидат ставени во нерамноправна ситуација, нови и стари субјекти. Тоа е една работа.

Втора работа, се остава простор субејктите да го изигруваат овој закон. Што ќе се случи, дали некој размислил, деловниот субјект на секој 3 години да се пререгистрира во нов субјект. Ќе смени една буква во името и ќе се пререгистрира како нов афирма. Тогаш не плаќа данок, а се работи за истото правно лице.

**Бесим Догани:** Благодарам господине заменик минситер.

Реплика има господинот Илија Димовски, повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам потпретседателе.

Почитуваната госпоѓа Поповска, која што многу ја ценам не ме разбрала прецизно.

Во досегашниот систем на спроведување на Законот за даноци на имот големите беа ослободени, малите плаќаа. Ќе го повторам примерот, неколку пати го повторувам но мислам дека не е доволно сликовит за да се разбере. За стан од 30 м2 во населба Лисиче се плаќаше поголем данок на имот, иако и таа сума е симболична, се плаќаше поголем данок отколку за хотелски простор во центарот на Скопје од 10-ина илјади м2. Тоа е смислата. Значи, ако може сиромашен човк со 30м2 да плаќа данок на имот, кој што е симболичен треба и големосопствениците и т.н. не знам се како ги нарекуваме да се израмнат со сиромашните луѓе. Тука јас кажувам дека секој треба да си биде склон кон исполнување на својата обврска спрема државата. Значи, рамноправноста не во онаа смисла во која што колешката Поповска ја кажа, тукуа сиромашните плаќаат треба да плаќаат и богатите. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Димовски.

Има збор господинот Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Ние како парламентарна група ја чувствуваме потребата од донесување на еден ваков закон, кој што го имаме на дневен ред, но истовремено мислам дека амандманот што е предложен треба да се поддржи и од претставниците на Владата и од парламентарното мнозинство, затоа што сите сме свесни дека еден голем дел на граѓаните на Република Македонија кои живеат во руралните подрачја, над 90% од нив немаат никакви егзистенцијални извори, извори за егзистенција. Значи 90% од нив се бе зработа, некои од нив можеби имаат социјална помош, имајќи во предвид дека руралните подрачја навистианкај нас се многу неразвиени . Мислам дека сите треба да рефлектираме позитивно и да подржиме еден ваков амандман што е предложен, бидејќи и јас го делам мисељњето со претходните говорници дека со овој амандман само ќе се подобри текстот на законот, никако нема да биде оштетен.

Уште еднаш сакам да нагласам очекуваме дека парламентарното мнозинство ќе не разбере добро и позитивно ќе одговри на сето ова. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Алити.

За збор се јави господинот Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам господине потпретседателе,

Бев испровоциран од дискусиите на колегите, особено од колегата Илија Димовски. Минатиот пат и јас дискутирав и тој дискутираше и минатиот пат кажа дека во центарот на Скопеј еден хотел толку и толку простор, толку и толку пари, а во Лисиче толку. Тоа е за еднаквост.

Тоа и денеска го повтори неколку пати и сега јас ќе го прашам него, а сакам да го слушне тоа и заменикот на минситерот, мислам дека минатиот пат беше минситерот Трајко Славески овде, и министерот кажа вака: “ воведувањето односно одземањето на овие мали ингиринции кои што ги имаат малите односно руралните општини, или неразвиените општини за неплаќање на данок “министерот кажа дека треба да им биде чест на овие граѓани, да се чувствуваат како македонци што ќе ја плаќаат оваа давачка која до сега не ја давале односно не ја плаќале.

Тој рече, заменикот на министерот сега нека ми одговори, бидјеки минатиот пат немав прилика да го прашам министерот, плус кажа дека со плаќањето на даавачките односно сметката, уплатницата со која се плаќа данокот од имот, кој што ќе се воведе ќе биде еедн доказ за сопственоста на објектите или куќата на овие граѓани кои што до сега не плаќале данок от имот, односно во овие неразиени, ридско-планински населби. Јас да не ги набројувам, колешката Цветанка Иванова ги кажа барем за струмичкиот регион и мојата реакција повеќе беше, бев испровоциран од колегата Илија Димовски што тој секогаш сака да потенцира дека тој е за еднаквост, дека треба да биде и во центарот на Скопје и во Лисиче исто. Сега минатиот пат штого кажав за министерот Трајко Славески дека треба да му биде гордост на секој што ќе плаќа, дека тоа е доказа за сопственсота, и т.н. зошто тој тогаш не се јави и не кажа дека тоа не е точно. Тоа е една работа.

Друга работа колега Димовски немојте да го лажете македонскиот народ дека 100 денари ќе се плаќа данок од имот. Можеби сумата не е бог знае колку голема, ама немојте да го лажете дека е 100 денари. Не е 100 денари, како 100 денари. И

да има 50% попуст, повеќе попуст, тоа пак нема да биде 100 денари, ќе биде некаде 300, 400 и 500 денари, како 100 денари. Со 0,10% една куќа од 100м2 беше околу 400 до 500 денари и со зголемувањето ќе биде околу 600-700, можеби 800 денари, зборувам за 100 м2. 100 денари кога ќе биде, ние сме тука, кога ќе биде, кога ќе ги добијат граѓаните решенијата за следната година, односно ако добијат за 2007 година решение за плаќање на овој данок на имот, зборувам за оние места кои имаат 50% попуст, ослободување, јас гарантирам дека нема да биде 100 денари. Вие го лажете народот дека 100 денари ќе плаќаат. Нема да биде 100 денари, тукуќе биде 2 до 3 пати повеќе. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Киров.

За реплика се јави господинот Илија Димовски, повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам господине потпретседателе.

Значи областа на даноците е егзатна работа и тука нема простор за манипулација. Манипулациите може да потрајт кратко,додка трае една седница, меѓутоа фактите говорат друго.

Прво, веројатно треба можеби повеќе заради граѓаните на Република Македонија, а можеби и поради нас самите да си објсниме и да разбереме како функционира тој данок на имот, каква надлежност имаат советите на општините во утврдување на стапката на данок на имот, која е законската рамка, како се врши проценката, како општините се должни да ја извршат проценката, кои се параметрите врз кои  што се оценува проценката на вреднсота на имотот и т.н. и т.н. Значи, тоа е еден сплет од механизми кои што го регулираат сето ова , за кое што сакаме во два збора ние да направиме политички маркетинг, што не е во ред.

За просечен стан од 60 до 65м2 во општина Велес се плаќа данок на имот од 300 до 350 денари. Акоземеме дека еден таков просеченс тан од 60 до 65м2 се наоѓа во рурална област два пати ќе се намали по 50% поради параметри кои што колегата Ацо Киров ги знае. Првиот пат би дошло до 150 денари, вториот пат би дошло до 75 денари. Значи, многу е егзактна работата, многу е чиста работата.

Јас се обидувам да бидам крајно коректен спрема вас, се надевам дека и вие ќе го задржите тоа ниво. Тоа е прво.

Второ, амандманот кој што е на расправа нема врска со тоа што вие го дискутирате, можеме и за амандманот да разговараме, немојте да се служите со популизам, со работа во која што граѓаните на Република Македонија вас не ве препознаваат. Кога се зборува за економија, кога се зборува за развој на економијата, кога се зборува за развој на бизнисот, кога се зборува за подобрување на економската состојба во државата граѓаните на Република Македонија секогаш, барем неколку кратно повеќе ја препознаваат опцијата на ВМРО-ДПМНЕ како позитивна од СДСМ. Ако сакате можам да ви ги повторам параметрите кои што денеска и вчера излегоа од Владата во врска со ЦДП, зголемвувањето на увозот, суфицитот во Буџетот на платата на ДДВ, намалување на даночна евазија и т.н. и т.н. Ве молам, не личи луѓето од СДСМ да зборуваат за економија за бизнис. Покажаа во минатите 4 години што знаат и што умеат. Благодара,

**Бесим Догани:** Благодарам господине Димовски.

Контра реплика има господинот Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретсеателе.

Колега Димов, за популизам немаојте да зборувате, затоа што знаеме и гледаме оваа година кој е популист. Тоа можеби сега сеуште не е на видело, но ќе биде за неколку месеци на видело за цашиот популизам, правиот ВМРО-ски популизам и на Владата во овој период.

Друго, за овие, еве вие се сложувате со мене дека 500-600 денари се плаќа за стан во Скопје од 60м2. Па јас реков дека за 100 м2 е некаде 700-800 денари. Значи на моето доаѓате. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Киров.

Има збор господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Господине потпретседателе, втор пат се јавувам за збор се со цел некои работи да ги објасниме до крај, бидејќи очигледно е дека владеачкото мнозинство нема храброст да признае дека воведува нови давачки за стопанските субјекти во Република Македонија и дека воведува нови даноци за граѓаните кои што живеат во ридско-планинските или селските подрачја во Република Македонија. Тука не е прашањето дали се 100 денари, 50 денари или 20 денари. Факт е дека ког беше предизборната кампања им  велеа на граѓаните дека ќе ги намалат давачките, дека ќе им го подобрат животниот стандард и дека ќе им овозможат подобри услови за живеење и тоа посебно ќе го прават во руралните подрачја. Вака како тргнале таму ќе нема граѓани на кои што ќе им ги решаваат проблемите, бидјеки со секој закон воведуваат нови и нови давачки, а имајки ја во предвид социјалната положба на тие граѓани не 20 денари, 5 денари можеби им се многу и им значат, а да ги даваат како давачка за државата.

Би сакам тука и на заменикот на министерот да му одговорам, кој што амандманот требаше да го брани зошто не го прифаќа, да не се доведеле стопанските субјекти, во нерамноправна положба.

Прво, господине заменик министер треба да има стопански субјекти во тие подрачја. За каква нерамноправна положба ќе зборуваме кога таму нема никакво стопанско движење. Кои стопански субјекти ги има во руралните подрачја. Дали некој од вас прошетал по руралните подрачја да види во какви услови живеат граѓаните и на  кое ниво на егзистенција. Вие тука не обвинувате за популизам, но тоа е реална сосотјба во Република Македонија. Нека отворат стопански субјекти, па

вие после контролирајте дали се регистриаат или пререгистрираат фирма. Зошто од старт ги ограничувате да отворат таму со воведување на нови давачки.

Околу тезата на колегите дека воведувале рамнорпавнсот во овие давачки и дека секој граѓанин треба да биде горд што ќе може

(Реакција на некои пратеници од место)

Јас барам заменикот на министер да ме слуша што зборувам.

(Некои пратеници меѓувреме се консултираат со заменикот министерот).

Ако треба пауза дајте пауза, ако не ...

**Бесим Догани:** Повелете господине Николов, ве слушаме. Повелете господине Николов, ве слуша заменикот.

**Марјанчо Николов:** Господине потпретседателе, ние овде се спориме за законски проекти. Министерот е претставник на Владата како предлагач, должен е да не ислуша што имаме како опозиција да кажеме. Би замолил камерата да покаже таму. Сега не ме слуша...

**Бесим Догани:** Може, може ништо страшно не се случува.

Господине Николов може да продолжите оти и моменталниот разговор што се случува со заменикот, се случува поради вашето барање за амандманот. Повелете.

Господине заменик министер дали го слушате пратеникот Николов. Да, продолжете.

**Марјанчо Николов:** Добро, благодарам.

Ваша должност е да обезбедите ред во салата и седницата да се одвива согласно Деловникот, господине потпретседателе и би ве замолил во таа насока да ја водите седницата, бидејќи ако ние зборуваме и за граѓаните, би сакал и министрот односно заменикот министер да ме слуша, бидејќи тој го брани концептот на Владата и не е во ред ние да зборуваме овде во салата да се слушаат разговори кои ни го одвлекуваат вниманието во нашите дискусии.

Околу тезата на владеачкото мнозинство дека сега се воведува рамноправност околу плаќањето на даноците, да ги потсетам само на една нивна помпезно најавувана кампања, а тоа е најавувањето на персоналниот данок на доход.

Тогаш, пред да го сменат тој закон, стапките на данок на доход беа 15,18 и 24%. Значи, оној кој заработуваше повеќе плаќаше повеќе во државниот буџет. Сега, благодарение на нивната популистичка кампања дека го намалуваат персоналниот данок, го префрлија товарот на данокто на додадена вредност и сега сите граѓани, без разлика на тоа колку заработуваат, плаќаат по иста ставка на ДДВ.

Сега, колегите пратеници, ќе ни кажуваат дека тие се грижеле граѓаните или стопанските субјекти рамноправно да плаќаат данок. Мислам дека таквите објаснувања можат само во нивните партиски штабови да ги продадат на нивните членови и граѓаните за брзо време ќе видат кога ќе им стасат решенијата за данок каква нова давачка добиле, а стопанските субјекти кога ќе им стаса новата давачка колку реално ќе го оптовари нивното вработување.

На крајот, дали колегите размислиле на кој начин стопанските субјекти ќе ги плаќаат овие давачки или ќе ги зголемат цените или ќе ги намалат платите на вработените или ќе ги отпуштат луѓето од работа.

Значи, да не ги лажеме граѓаните, се работи за нови давачки кои оваа Влада ги воведува и на стопанските субјекти и на граѓаните во селските средини и во ридско-планинските подрачја. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Николов.

Има збор господинот Азис Положани, повелете.

**Азис Положани:** Во меѓувреме и јас жалам и барам извинување од пратеникот што во време на неговиот говор поради потребата за евентуално усогласување на тоа што е навистина предмет на интерес, на општ интерес не е ниту партиски, ниту било каков, презедовме некои активности за да се дојде до некое решение кое навистина би било одржливо.

Имено, за што се работи?

Имаме амандман кој е составен од два дела. Едниот дел бара да се симне со амандман реченицата од законот точката 8 со која се предвидени ослободувања на овие такси од ридско-планински простории, куќи итн, и имаме друг дел на амандман кој е поврзан со три годишно ослободување на првите три години од започнување на бизнисот.

Другото можеби е потешко да се брани од објективни причини, затоа што има елементи и аргументи на новите бизниси такви и такви можат и треба да плаќаат поготово ако имаат тенденција за избегнување на даноците преку регистрации, што велам дека е полуаргументација, не е најубедлива аргументација, има аргументи контра и про кои треба да се почитуваат, но првото мислам дека Владата и сите ние како пратеници не можеме да го браниме, а треба да гласаме. Тоа е дека во вакви околности да се одданочуваат и куќите по селата, по ридско-планинските подрачја што е неиздржливо и тешко е да се прифати и за тоа ние да гласаме.

Според заменик минстерот кој вели дека тоа се многу мали средства, демек не би го нарушиле буџетот на фамилиите, но од друга страна ако се толку мали не би придонеле кој знае што и за тој што очекува од овие средства, значи небитни се, а да не создаваме некоја атмосфера која сепак мислам дека оди на штета на тие што живеат таму, а имаме политика каде се спомнува нов одржлив развој, мислам дека ние предлагаме господине заменик министер едно решение, предлагачот, бидејќи и тој се согласи, Никола Ќуркчиев, а и ние како подржувачи на овој амандман да дојде до решение со кое ние ќе се повлечеме или предлагачот ќе прифати да не

бидат вклучени во ослободувањата овие магазини или деловните простори во градовите или било кое место кое не потпаѓа во ридско-планински предели, а вие да прифатите да се ослободат куќите во ридско-планинските предели, што е логично, бидејќи се работи за буџет на општини, ова не се приходи на централни буџети каде таквите куќи не би имале кој знае какво влијание, мислам дека е добро еве со едно разбирање, да прифатите, некаде се нарекува усмен амандман, некаде дополнителен амандман, но во овој Парламент имало пракса, јас сум сведок на таа работа каде ние сме прифатиле половина амандман преку усно амандирање на тоа што е веќе поднесено. Знам како бивш министер за образование прифатив токму таков амандман.

Мислам дека решението е многу поволно, па ако има потреба од одредени консултации нека се направат, сите ние би излегле посреќни кога не би ги колку толку одданочиле барем куќите во ридско-планинските предели, што мислам дека има било каква основа и објективна и реална.

Затоа молам за разбирање и излез од оваа состојба поврзана со овој амандман. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Положани.

Има збор господинот Оливер Спасовски.

Но, процедурално бара господинот Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Во името на парламентарната група ние го предложивме овој Предлог закон, а од друга страна треба да гласаме и за амандманите за кои веќе дискутираме, барам половина час пауза затоа што не би било коректно да подржуваме амандман, а потоа да го гласаме законот така што заради внатрешни консултации внатре во парламентарната група бараме половина час пауза. Благодарам.

**Бесим Догани:** Половина час пауза.

(Паузата почна во 16,18 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 17,15 часот)

**Иван Анастасовски:** Почитувани колеги,

Продолжуваме со расправа по амандманот.

Има збор по амандманот пратеник господин Спасовски Оливер.

Пред да му дадам збор на пратеникот Спасовски, се извинувам, бидејќи предлагачое е пријавен за збор, автоматски тој има предност. Јас не го забележав на екранот, а моја обврска е прво да дадам збор на предлагачот на амандманот. (Предлагачот му дава предност на пратеникот Спасовски)

**Оливер Спасовски:** Благодарам претседателе, почитувани колеги пратеници,

Мислам дека непотребно изгубивме половина час во Собранието, ако нема желба или намера навистина да се прифати нешто што го предлагаме со овој амандман. Повеќе говоревме и во делот на општата расправа по овој закон со кој што во Република Македонија се воведуваат нови оданочувања и на луѓето кои живеат во ридско-планинските подрачја во Република Македонија, како и на новите стопански субјекти. Од тој аспект, заради сето она што го говоревме и во тој дел дека на ваков начин ќе востановиме нови даноци во делот на стопанските субјекти, кои што досега плаќале само за административните простории во сопствените комплекси, сега ќе мора да плаќаат данок на имот на сите објекти кои што ги поседуваат, дали се тоа производствени капацитети или други простории кои што ги користат за обавување на сопствената дејност. И тогаш реков и сега повторувам дека ова не е начин на стимулација на развој на стопанските субјекти во Република Македонија и со самото тоа не работиме за промоција на програмата што ќе значи нови вработувања, нови инвестиции во Република Македонија, во стопанството итн, а со тоа нема да се остварат ни со активните мерки кои веќе една година само слушаме дека ќе бидат преземени, ќе се вработат нови луѓе, ќе имате подобар животен стандард. Тоа не го чувствуваме, освен што го знаеме од вчера дека подобро живееме во Република Македонија после пресот во Владата. Од тој аспект мислам дека требаше да се има слух барем овој амандман да се прифати во делот на тоа што значи ослободување за новите стопански субјекти за првите три години како една од стимулациите. Доколку не се најде за потребно да остане законското решение кое што беше досега на сила. Мислам дека аргументот кој што овде пред Собранието беше изнесен од страна на претставникот на Владата, заменикот министер дека доколку се прифати овој амандман, со тоа што за новите стопански субјекти три години ќе бидат ослободени од плаќањето на данок на имот, нема да биде никаква стимулација, туку нееднаквост во рамките на претпријатијата во Република Македонија. Така, едни би требало да плаќаат данок, а другите не, тогаш мислам дека ви е слаб овој аргумент што го нудите пред пратениците и пред македонската јавност. Сосема чесно ќе беше ова законско решение односно овој дел што се однесува на плаќањето на новите давачки на стопанските субјекти, остане на ниво како што беше досега во законот. Значи, ниту едно од претпријатијата да не плаќа данок, кој што и досега не го плаќале, да не ги оптоваруваме дополнително со давачки и на тој начин сите ќе бидат еднакви и ќе придонесуваме точно за она што значи декларација на оваа Влада, на ова парламентарно мнозинство дека се за поттикнување и стимулација на стопанството во Република Македонија. Сето ова што беше и досега направено во делот на даноците, со самото ова законско решение, за кое што реков дека расправавме подолго на продолженијата на оваа седница, не придинесува да ги оствариме овие заложби и сите аргументи кои што се изнесуваат или укажувања дека на тој начин нема да воведеме нов данок, тоа е точно, постои данокот на имот, меѓутоа ќе се воведе плаќање на овој данок за одредени категории кој што досега

не се наплаќа во Република Македонија. Тоа го слушнав и на неколку прес конференции во дебати во Собранието дека не е точно нешто пратениците од опозицијата измислуваат дека некој воведува нови даноци итн, меѓутоа, сето тоа ќе се докаже како аргумент кога ќе го добијат решението, со кое што ќе ги задолжите за зафаќања на нови даноци во 2008 година и тогаш аргументите ќе ги видат граѓаните на Република Македонија, оние кои што ја следат оваа расправа и кои што не слушаат во овој период и така ќе се уверат дека она што го кажувавте и што ги давaвте како јавни изјави во овој период, воопшто не држат. Посебно, за објектите кои што се наоѓаат во ридско-планинските подрачја, на станбените згради кои што досега биле ослободени, со единствена цел на некој начин да можеме да ги стимулираме заживувањата на селата или барем да ја запреме миграцијата која што се случува од село во град. Очекував после една таква исцрпна расправа во амандманската расправа ќе се најде слух кај министерот за финансии да може да прифати дел од овие забелешки односно да прифати амандман со кој што овие граѓани во ридско-планинските подрачја во Република Македонија нема да ги оданочиме со нов данок, а аргумент плус за тоа е да им помогнеме, заради тоа што им укинавме и едно друго право, тоа е пензиско-инвалидското и здравствено осигурување на овие граѓани од ридско-планинските неразвиени подрачја. Очекував дека таква доблест ќе има министерот за финансии и барем да реализира еден дел од она што им ветуваше на граѓаните во кампањата токму во овие места каде што одеше во тој период. Меѓитоа, сепак тоа е став на Владата на Република Македонија, што не мора да значи дека ќе стапи на пратениците од парламентарното мнозинство, па мислам дека како пратеници кои што ќе имаат и контролна функција врз Владата, еднаш засекогаш да не би се каеле како што денес се каеме за многу работи што не си ги направивме самите овде во Собранието, денес на една координација за тоа дискутиравме. Мислам дека само со гласањето на овој амандман ќе овозможиме навистина да ја подобриме и оваа клима, стимулациите во делот на стопанството, а да покажеме дека се грижиме и за овие луѓе кои што се во ридско-планинските подрачја, во делот на не воведување нови даноци од така малите примања кои ги имаат овие семејства во овие подрачја.

Доколку ова не се случи, мислам дека колеги од ВМРО-ДПМНЕ преземаат една голема одговорност навистина слепо да бранат еден проект, кој што не е во интерес на граѓаните на Република Македонија, посебно не е во интерес на оние категории кои што засегаат ваквите даночни оптоварувања и на тој начин ќе покажеме дека слепо ги следите само мислењата кои што се од Владата, а притоа ништо не остварувате во делот на граѓаните, на оние кои вам ви го дадоа мандатот.

**Иван Анастасовски:** Ти благодарам колега.

Има збор предлагачот пратеник господин Ќуркчиев Никола.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам потпретседателе.

Навистина со овој за овој амандман се водеше сериозна дебата и голем број на пратеници го кажаа своето позитивно мислење за овој амандман. Се обидовме да најдеме дури и компромисно решени, но за жал, еве не дојде до тоа. Сакам да дадам мал коментар за тоа и можеби да ги убедам пратениците од парламентарното мнозинство дека нема да погрешат, доколку го прифатат и го поддржат овој амандман од повеќе причини. Ценам дека добро е што Министерството за финансии има направено анализа за тоа за колкави средства се работи и во делот на овој амандман и какво оптоварување на граѓаните ќе се направи со ова, без разлика што некој таа давачка ќе ја направи или ќе каже дека е минимална. Добро е ако на тие луѓе во таквите подрачја им помогнеме и на друг начин и направиме се нивните домови или станбени згради во селските населби, особено во ридско-планинските подрачја да добијат одпределени стимулативни средства од страна на Владата на Република Македонија, а не да се воведуваат нови давачки. Но тоа е тоа, така е како што е и ценам дека со овој амандман ќе се овозможеше голем број на стопански субјекти, за кои што наголемо се зборува во Република Македонија, кои што ќе отворат свои експозитури или погони во ридско-планинските подрачја и на повеќе места во Република Македонија ќе бидат ослободени од овој данок во првите три години. Иако, досега, велам дека деловните згради и деловните простории кои служат за вршење на дејноста на обврзникот не беа должни да го плаќаат данокот на имот.

Должен сум, исто така, да кажам дека сите коментари од страна на колегите пратеници апсолутно беа коректни и не се работи за популистички коментари, особено велам на коментарите на опозицијата, заради тоа што ставот на СДСМ во делот на даночната еднаквост и правичност во повеќе наврати ја повторивме од нашава говорница. Апсолутно се сложувам со сите оние кои што се залагаат за фискална независност односно за фискална автономија на општините во Република Македонија, меѓутоа, должен сум да кажам дека не може никој да се залага за фискална независност, а од друга страна да го дестимулира локалниот економски развој, особено за такви подрачја за кои што се однесува амандманот. Скоро да нема пратеник кој што не бил или не е од некоја селска населба, каде што не прошетал и не видел дека има станбени објекти и згради кои што години апсолутно не се посетени ниту од сопствениците, ниту од страна на општинскиот персонал. Од друга страна, на располагање во Република Македонија многу брзо ќе дојдат средства од ИПА програмата, особено за развивање на планинскиот туризам за малиот број на стопански субјекти кои што пројавуваат интерес да отворат свои погони во овие подрачја, а за

прекуграничната соработка, каде што во секоја европска земја се стимулираат овие подрачја, нема потреба да зборувам.

Уште една мала реплика на колегата кој спомна дека основните принципи за менаџерската политика во оваа сфера, треба да бидат базирани на други основи, да му кажам дека основните или фундаменталните принципи на оваа политика, се базираат на знаење на правната основа и фискалните процедури, меѓутоа, од друга страна се бара и оптимална организација и утврдување на наплата и контрола на локалните даноци и такси. Мислам дека мал е бројот на општините кои што имаат компетентност од страна на вработените кои ќе бидат вклучени во оваа активност, особено ако се знае дека фискалната децентрализација во Република Македонија стартува за некој ден односно од 1 јули оваа година. Се надевам дека ефикасните стратегии на градоначалниците и на советите на општините за наплата и контрола на овие нови даноци дека ќе знаат да ги ценат и при следните наши идни ветувања и собири кои што ќе ги имаме пред нив.

Уште еднаш апелирам и до предлагачот дека навистина е добро да биде прифатен овој амандман, заради тоа што ќе претставува еден стимул повеќе за граѓаните од Република Македонија, особено од ридско-планинските подрачја, кои што се во една сериозна и незавидна ситуација. Ценам дека за стопанските субјекти кои што отвораат свои бизниси не треба воопшто да стане збор што значат првите три години и вака скромни, минимални средства да бидат ослободени. Воопшто не верувам дека некој сериозен стопанственик само заради вакви минимални средства ќе ја промени средината на работењето после три години.

Од тие причини, еве уште еднаш замолница и до министерот за овој амандман да биде прифатен, а се надевам дека до сите колеги имаме доволно аргументи да го поддржиме овој амандман. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам, колега.

Има збор пратеник господин Алити Рафис, повелете.

**Рафис Алити:** Ви благодарам.

Навистина ние помисливме дека претставниците на Владата кои се присутни ќе рефлектираат позитивно во овој случај, бидејќи стануа збор или тоа беше наша сугестија, наше барање, барем најмалку доколку не се прифати овој амандман во целина, барем да биде прифатен делумно делот кој што се однесува за ридско-планинските подрачја. Велам така, затоа што претставниците на Владата би било добро да посетат неколку села во овие општини и да видат во каква состојба се селаните и тогаш веројатно ќе имаат поголем сенс да ја видат реалноста дека навистина би било жално жителите од тие подрачја да имаат и вакви малтретирања, освен паричните средства кои што треба да ги плаќаат во општината, во пошта, кога реално дел од нив и немаат такви можности. Велам би било добро, сепак, да се излезе да се посетат тие села, како што е Палиград, Вешале, Бозовце на Шар Планина, во Источниот дел на Македонија, во Мариово, во селата дали имаат можности, да речеме едно семејство кое нема можности за егзистенција на своите деца, барем најмалку да им купат пар чевли, а не и тоа што е елементарна егзистенција на селата кои што живеат во тие сиромашни подрачја да даваат други давачки предвидени со овој Предлог-закон. Длабоко сум убеден и сите анализи велат дека било општините, било ние како држава нема да добиеме многу нешто, доколку не се прифати овој Предлаг амандман. Сигурно е дека поддршката што ја дадовме на овој Предлог - закон, бидејќи оценивме дека има потреба да се донесе еден ваков закон, се става под знак прашалник, што значи ќе гласаме за овој амандман, а потоа ќе биде едно големо знак прашалник, колку ќе го поддржиме овој закон.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор госпоѓа пратеник Цветковска Благородна, повелете.

**Благородна Цветковска:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани пратеници, почитуван министер,

Денес овој амандман привлече внимание и дискусија се со една единствена цел, да се подобри текстот на законот кој е предложен. Не можев а да не проговорам, бидејки овој амандман се однесува токму на ридско-панинските подрачја, а јас доаѓам од изборната единица број 3 од градот Крива Паланка и општина Ранковци, од селата за кои можеби и министерот не слушнал: Герман, Конопница, Обуд, Мераф, Дубровница, Црново, Бс, Кркљан, Киселица, Нерав, Крстов Дол, Петралица, Дрење, Трнци, какви ли не уште, да не ги бројам, села, каде навистина луѓето живеат во исклучиво тешки услови, луѓето живеат во ридско-планински подрачја и тоа во некои подрачја каде ни враната не може да си ги најде своите коски, а камо ли човекот да живее и да опстојува во такви места.

Затоа, почитувани пратеници, сметам дека овде заеднички треба да најдеме компромисно решение. Зошто барам компромис? Затоа што сметам дека на овие луѓе им додаваме нови давачки на граѓаните во ридско-планинските подрачја или речено со нивни зборови, арач. Одамна беше “арач, арач рајот треба” и одговараат “лебец, лебец господаре”. Се работи за луѓе невработени, луѓе социјално загрозени, луѓе кои доаѓаат од социјални средини. Нависитна немаат најосновни елементарни услови за живеење, за опстанок. Не знам дали сте виделе во каква мизерија и беда се овие луѓе и уште нови давачки за тие граѓани.

Затоа ги замолувам пратениците да дадат подршка, без разлика дали сме од позиција и опозиција, да не гледаме сега во овој парламентарен дом, бидејки сите ние сме луѓе, сите ние со чист образ треба да застанеме пред тие луѓе, бидејки тие се пријатели на сите нас,

нема тука позиција, опозиција, тоа се наши сограѓани на кои нависитна треба во овие тешки мигови да им помогнеме.

Немојте погрешно да ме сватите, јас не сум против фискална економија. Меѓутоа, во ридско-планинските региони, овие каде едвај опстојуваат, едноставно живуркаат луѓето, мислам дека ваква нова давачка не им е потребна. Па има поголеми градови во Македонија, има од каде да се собира данок и такви давачки. Да ги оставиме овие луѓе малку да живнат. И така оваа транзиција ги уништи, па до крај ќе ги дотепаме луѓето.

Мислам дека ќе анјдеме заедничко разбирање и дека сите ќе гоподржимеовој амандман, ќе го прифатиме за добро на оваа категорија на луѓе, се со цел да им се подобрат условите за живот и да не ги оптоваруваме со нова давачка која во овој момент во општо не е потребна за нив. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Почитуван потпретседател на Парламентот, почитувани пратеници,

Затоа што е многу кажано, аргументи и од едната и од другата страна, јас ќе се обидам уште еднаш да дадам едно мало објаснување, а поттикот е од последните две дискусии.

Имено, со амандманот прво имаме мал проблем затоа што со него се бараат неколку различни работи, бришење на неколку точки од членот 1 од предложените измени и дополнувања на Законот. Тоа можеби создава малку  конфузија и како што гледам дискусијата беше сконцентрира на ридско-панинските подрачја. И тоа создава малку проблем, затоа што географијата на Република Македонија е шаренолика. Имаме ридско-планински подрачја каде што имаме вредност на куќи и станбени згради за живеење чија вредност ја надминува вредноста на куќи и станови во центарот на Скопје, а имаме исто така ридско-планински подрачја каде што навистина вреднсота на имотот, некоја претпоставена пазарна вредност, е минимална. Нели е ова упатница, можност како локалната самоуправа, во чија надлежност ќе биде и утврдувањето и наплатата на овој вид данок, а и користењето да води сопствена политика. Всушност, тоа е и суштината на децентрализацијата.

Значи локланата самоуправа и градоначалниците кои инсистираат на оваа мерка, Министерството за финансии и Владата не ја предлага по сопствено наоѓање, во општата расправа цитирав дел од писмото во кое ЗЕЛС едногласно ја  бара оваа мерка. Ние одговараме на нивниот повик. Нели е можност, ако сме определени за децентрализација, на нив да им оставиме да водат политика. Сега повторно не сакам да ги спомнувам цифрите. Беше јасно кажано дека локална самоуправа, оние населени места каде што навистина вредноста на имотот е ниска, каде што можеби во последните 20 години не се извршила купопродажба на постојни објекти за живеење, ќе определи соодветна вредност на имотот која ќе биде основа за утврдување на данок. Таа вредност ќе биде доволно ниска со трите ослободувања од по 50%, задолжувањето за плаќање на данок на имот да биде сосема симболично. Колку и да се извртува тоа, јас ќе ве упатам на другата страна на медалот. Последните истражувања покажуваат, колку и да изгледа неверојатно, извршени со најнови методи на снимање на мозокот неуронски дека луѓето чувствуваат извесна сатисфакција и кога плаќаат данок, затоа што навистина знаат дека со тоа нешто придонесуваат за себе. Реков дека на некои луѓе ќе им значи да имаат документ дека макар симболично тие се дел од оваа заедница. За имот вреден, проценет во денарска противвредност од 5 илјади евра во ридско-планинските подрачја данокот нема да надмине 75 денари годишно. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Прв за реплика се јави пратеникот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Мислам дека ќе беше подобро министерот да не се јавеше за збор бидејки ја завршивме расправата, но очигледно дека и тој чувствува грижа на совеста бидејки колку и да се труди да објасни, сепак се работи за воведување на нов данок за граѓаните кои живеат во ридско-планинските или селските подрачја, па ако минатиот пат не убедуваше дека тоа било од патриотски причини затоа што тие како Влада предложиле да се воведе нова давачка, сега граѓаните ќе се чувствуваат повеќе патриоти ако им  дојде сметка или решение со кое ќе треба да платат данок на имот, но да не зборуваме за висината бидејки ќе биде различна од подрачје до подрачје, зависно од атрактивноста на подрачјате, но кога ќе им дојде решението и кога тие целите радосни ќе отидат во пошт аили во банка да го платат, веројатно ќе се чувствуваат толку патриотски што Ќе забораваt дека џебот им е празен дека немаат, можеби, како што кажуваат моите колеги, поради ниската социјална положба во овие подрачја каде што населението е на најниски можни гранки во делот на социјалната положба, односно најсиромашно, да им купат на децата чевли, да им обезбедат книги за на училиште, да им обезбедат основни услови за егзистенција. Мислам дека сега господине министре отидовте понапред и почнавте да објаснувате дека и психолошки дури ќе чувствуваат олеснување ако ги платат давачките кои вие одново им ги воведувате. Ќе дојде време кога тие граѓани, кога ќе излезете на терен ќе ви кажат колку се патриотски расположени  кон вашите нови давачки и колку психолошки ќе им олесни кога ќе се обидад да објаснат како се чувствуале кога морале да вадат од џебот пари кои не планирале да ги дадат за данок, туку планирале да ги дадат за основни егзистенцијални потреби, затоа што и немаат можности за нешто друго. Ќе видите тогаш колку ви е патриотски и предлогот и колку граѓаните

психолошки ќе бидат олеснети, а ве советувам тоа што побрзо да го нарпавите. 2008 година ова време прошетајте по овие подрачја и објаснете им сега колку тие се патриоти.

На крајот да ви кажам дека ова ли е решението за да го решите процесот на фианнсирање на единиците на локалната самоуправа-тотално ви е погрешен  концептот, без разлика дали сте го договарале со ЗЕЛС или со некој друг, бидјеки од ова помалит еопштини таму ќе загубат и никако нема да го решат своето прашање за финансирање.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три  минути реплика за пратеник господин Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Почитуван министер, овој одговор последен што беше, секој оној министер или предлагач на закон кој што нема никакви аргументи таков одговор може да понуди пред Парламентот и пред македонската јавност. Едноставно, и покрај укажувањата и изнесување на низа аргументи дека на ваков начин ќе ја подобрите децентрализацијата во Република Македонија, ќе им помогнете на општините, тоа е на барање на градоначалниците и т.н., тоа се аргументи за кои имаме контра аргументи со кои кажуваме дека намерата за подобрување на фисклната децентрализација беше не некое друго место, кога се расправаше за Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, кога не убедувавте дека општините имаат доволно финансиски средства, кога ни кажувавте дека вие во Република Македонија само ги намалувате даноците што некој претходно не ги намалил, кога им кажувате на граѓаните дека ќе им го подобрите животот.Меѓутоа, паднаа маските веќе, денес разговарате за воведување нови даноци, за зголемување на нови давачки и крајниот аргумент ви е дека на таков начин граѓаните психолошки ќе се олеснат според некои анализи. Со тоа ни покажавте дека навистина вие сте присутни во Република Македонија, ама не живеете во Македонија и ни стана јасно зошто и синоќа излегоа на прес-конференција некои колеги од Владата да ни кажат дека многу убаво живееме. Веројатно живат во таа земја во која испитале дека луѓето се толку психолошки растоварени кога плаќаат нови даноци.

Јас ви тврдам дека во Република Македонија во изборна единица број 2, во општината Старо Нагоричане која е 90% од ваков карактер да отидете, ниту еден нема да биде задоволен, ниту патриотски и психолошки олеснат од овој чин. После усвојувањето на Законот ве поканувам уште еднаш да ја прошетаме оваа изборна единица, да се уверите во тоа и конечно да се вратите во реалноста во Република Македонија, таму каде што граѓаните ве плаќаат да бидете министер. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Продолжуваме со реплики, три минути реплика за пратеник господин Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам потпретседателе.

Иако кај дел од колегите навистина не очекував дека овој амандман ќе привлече толку големо внимание, меѓутоа, почитуван министер, една од важните причини за доставување даночни решенија билокаде во светот па и кај нас всушност е да се информираат даночните обврзници за нивните обврски и со решението кое ќе го добијат да видат, иако тие претставуваат една правна процедура, на определен начин значат и формална комуникација. Споменавте во вашето излагање дека пред се ова е барање на ЗЕЛС, или група градоначалници, меѓутоа, апсолутно ќе се согласам со вас дека стои ЗЕЛС зад ова решение, до колку има било каде во Република Македонија организирана директна комуникација да речеме на состанок со месна заедница, да им се објасни на луѓето дека од 1.01. се воведува нова давачка на нивниот имот. Никаде во медиуми, телевизии, радија, весници и т.н. не сме слушнале дека се воведува ваква давачка, ниту пак се издаваат во Република Македонија брошури, дури ни од невладините организации за воведување на овој нов данок или такса, каде што рокот на плаќање ќе биде од догодина и мислам дека би било згодно до колку граѓаните се информираат и преку оваа дебата дел од пратениците кои се во владината коалиција да гласаат за овој амандман. Верувајте се работи можеби токму за симболични, како што велите вие, средства, меѓутоа, ќе им значат на луѓето од тие региони. Како што гледаме и во дискусиите на пратениците, не е така мал тој број на ридско-панински подрачја во Република Македонија и многу ќе им значи кога наваситна и вие ќе дадете прилог и ќе го прифатите овој амандман, а се разбира тоа ќе биде во интерес на сите граѓани на Република Македонија. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути реплика за пратеник Роза Топузова-Каревска, повелте.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Сосема кратко ќе кажам дека навистина не очекував ваков одговор од почитуваниот минситер за финансии кога се работи за една многу сериозна работа, воведување на нова давачка на граѓаните, и тоа баш на оние кои нависитна сите знаеме дека се можеби меѓу најсиромашните во Република Македонија. Но, барем ми се разјасни една дилема зошто ВМРО-ДПМНЕ спротивно на нивните предизборни ветувања за намалување на даноците и воопшто сите давачки, сега ги зголемува со сите закони што ги донесува, наместо да ги намалува ги зголемува давачките на граѓаните на Република Македонија. Ете, тоа било поради тоа што даноците и плаќањето на данок предизвикува психолошко задоволство, односно медицински е докажано дека убава психолошка реакција во нивниот мозок е.

Почитувани колеги пратеници, можам да претпоставам какво психолошко задоволство ќе предизвика воведувањето на новиот здравствен данок! Е тогаш навистина граѓаните на Република Македонија ќе бидат презадоволни, повеќе од кога било во оваа држава. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Последен за реплика е пратеник господин Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Навистина ќе биде премногу да се зборува за тоа за што веќе дискутиравме, но тоа што го слушнав сега навистина не држи од причина што се спомна една бројка од 5 илјади евра, колку треба да се плаќа за тоа. Селата што претходно ги спомнав и што не ги спомнав всушност, во тие села веќе никој не купува куќа, никој не го купува тоа богатсво што порано го имаа селаните. Тие одвај чекаат да заминат во некоја викенд куќичка, затоа што најголемиот дел на тие села од ден на ден се напуштаа, без оглед на тоа што порано изградил куќа, но времето е веќе изменето. Ова го велам затоа што по некои средби со сточари во ридско-планинските подрачја кои конкурираат со разни проекти во банките во државата, за да дојдат до кредити и бидејќи ќе ја подготват целата документација, го ставаат своето богатство, нема текстуално ниту еден сточар кој што живее во селата во ридско-планинските подрачја дека добиле кредит од домашна банка, бидејки никој не им го прифаќа тоа богатство како гаранција да дојде до кредит. А пак еден жител во Скопје кој што има и мала гаража може да дојде до тие бенефиции што ги даваат банките и.т.н.

Токму поради тоа, велам дека би било добро овој амандман барем делумно да се прифати. Делумно, затоа што најголемиот дел на овие села се без жители, или пак, само со старци и освен друго, доколку од нив има голема желба да го плати тој дел како давачка на државата, тој треба да помине неколку километри до општината, за да ја заврши својата должност.

Мислам дека, не знам дали сака или дали ги има тие средства, но ако не ги плати, тогаш доаѓа онаа судска процедура итн, така што, овие се некои од мотивите зошто ние баравме овој амандман да се прифати. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

Почитувани колеги, бидеќи сме на крај од работното време, овде ја прекинувам расправата. За оваа седница ќе бидете дополнително известени.

Во понеделник продолжуваме со 29-та седница на Собранието на Република Македонија.

Ви пожелувам пријатен продолжен викенд.

Ви благодарам.

(Седницата прекина со работа во 18,00 часот)